**УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ**
**SINECOD / СИНЕКОД**
сируп 15mg/10ml
butiramate citrate

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството, бидејќи содржи информации кои се важни за Вас.**
Овој лек може да се издава и без лекарски рецепт. Треба да го употребувате внимателно, за да се постигнат најдобри резултати.

- Чувајте го упатството. Може ќе биде потребно повторно да го прочитате.
- Обратете се кај Вашиот фармацевт доколку Ви се потребни дополнителни информации или совет.
- Мора да се обратите кај Вашиот лекар доколку знаците на болеста не се подобрат за 5 до 7 дена.
- Доколку некое несакано дејство стане сериозно или забележите некое несакано дејство кое не е набројано во ова упатство, Ве молиме да се обратите кај својот лекар или фармацевт.

**Во ова упатство ќе прочитате:**

1. Што претставува Sinecod и за што се употребува.
2. Што треба да знаете пред да употребите Sinecod.
3. Како да го употребувате Sinecod.
4. Можни несакани реакции.
5. Чување и рок на употреба на Sinecod.
6. Дополнителни податоци за лекот

**Заштитено име/Име на лекот, јачина и фармацевтска форма**
SINECOD/СИНЕКОД, 15mg/10ml, сируп

**Активна супстанција:** бутамират цитрат. 5 ml сируп содржат 7.5 mg бутамират цитрат.

**Помошни супстанции**: бензоева киселина (E210), натриум сахаринат (E954), натриум хидроксид (E524), сорбитол (E420), етанол 96%, глицерол (E422), ванила, прочистена вода.

**Назив, седиште и адреса на носителот на одобрението за ставање на лекот во промет:**
ГЛАКСОСМИТКЛАЈН ЕКСПОРТ ЛИМИТЕД Лондон Велика Британија – Претставништво Скопје, Антон Попов 1 / 4 – мезанин Скопје, Кисела Вода
Телефон: 02/3298-766

**Назив, седиште и адреса на производителот на лекот:**
GlaxoSmithKline Consumer Healthcare GmbH & Co. KG, Минхен, Германија

## 1. Што претставува Sinecod и за што се употребува

Sinecod содржи бутамират цитрат, инхибитор на кашлицата кој делува преку централниот нервен систем.
Хемиски и фармаколошки, се разликува од опијатните антитусици (лекови кои ја смируваат кашлицата) и не предизвикува зависност.
Sinecod се употребува за симптоматски третман на кашлица од различно потекло.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА СКОПЈЕ

## 2. Што треба да знаете пред да употребите Sinecod

**Не земајте Sinecod:**

- доколку сте алергични на бутамират цитрат или на било која помошна супстанција на Sinecod (наведени во дел 6).

**Предупредувања и мерки на претпазливост**

Разговарајте со Вашиот лекар или фармацевт пред употреба на Sinecod

- Доколку кашлицата трае повеќе од 7 дена, треба да се консултирате со својот лекар или фармацевт.
- Треба да се избегнува истовремена употреба на експекторанси (лекови кои го помагаат искашлувањето) (видете во Употреба на други лекови и Sinecod).

**Деца и адолесценти**

- За деца помлади од 3 години треба да се употребуваат Sinecod перорални капки. За деца помлади од 2 години, пероралните капки треба да се употребуваат само по препорака на лекар.

**Употреба на други лекови и Sinecod**

Информирајте го својот лекар или фармацевт доколку земате, неодамна сте земале или можеби ќе земате други лекови.

Активната супстанција бутамират го инхибира рефлексот за кашлање, затоа треба да се избегнува истовремена употреба на експекторанси (лекови кои го помагаат искашлувањето), бидејќи може да води до застој на мукуз во респираторниот тракт, со што се зголемува ризикот од бронхоспазам (стеснување на бронхиите) и развој на респираторни инфекции.

**Употреба на Sinecod со храна и пијалоци**

Се препорачува да се земе сирупот пред јадење.

**Бременост и доење**

Консултирајте се со својот лекар или фармацевт пред да земете било каков лек.

Треба да се избегнува употребата на Sinecod за време на првите три месеци од бременоста, Sinecod може да се употребува само доколку терапијата со лекот е неопходна.

Не е познато дали активната супстанција и/или нејзините метаболити се излачуваат во млекото. Од безбедносни причини, како општо правило, внимателно треба да се разгледа користа и ризикот од земање на Sinecod.

**Возење и управување со машини**

Sinecod може да предизвика поспаност. Доколку се појави, треба да бидете внимателни кога возите или извршувате некои активности кои бараат будност (пр. управување со машини).

**Важни информации за помошните супстанции на Sinecod сируп**

Овој лек содржи мали количини етанол (алкохол), помалку од 100 mg во доза (5 ml).

Овој лек содржи сорбитол. Има слаб лаксативен ефект. Калориската вредност на сорбитол е 2.6kcal/g. Ако ви е кажано од Вашиот лекар дека не поднесувате некои шеќери, пред да го употребите овој лек, контактирајте го Вашиот лекарот.

## 3. Како да го употребувате Sinecod .

Секогаш употребувајте го овој лек точно како што е опишано во ова упатство или како што ви кажал Вашиот лекар или фармацевт. Доколку имате некои прашања, советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт.

Не земајте Sinecod повеќе од една недела, без совет од лекар.
Се препорачува употреба на Sinecod сирупот пред јадење.

Дозирање кај деца:
*Деца на возраст од 3 - 6 години*: 3 пати на ден по 5 ml.
*Деца на возраст од 6 - 12 години*: 3 пати на ден по 10 ml.
За деца помлади од 3 години, се препорачува употреба на перорални капки. За деца помлади од 2 години, пероралните капки може да се употребуваат само со лекарски рецепт.

Дозирање кај возрасни и адолесценти над 12 години:
*Адолесценти над 12 години*: 3 пати на ден по 15 ml
*Возрасни:* 4 пати на ден по 15 ml
Измијте и исушете го мерното капаче по секоја употреба и по употреба од различни корисници.

**Доколку земете повеќе Sinecod сируп одколку што е потребно**
Предозирање со Sinecod може да предизвика поспаност, гадење, повраќање, дијареа, вртоглавица и намален крвен притисок. Ако случајно земете повеќе од колку што треба, контактирајте го Вашиот лекар или одете веднаш во одделот за итна помош бидејќи можеби ќе ви треба медицинска помош. Не постои специфичен антидот.

**Доколку сте заборавиле да земете Sinecod сируп**
Не земајте наеднаш двојна доза за да ја надополните пропуштената доза.
Земете Sinecod веднаш штом ќе се сетите, но не повеќе од максимално препорачаната доза.

Доколку имате други прашања во врска со употребата на овој лек, обратете се кај својот лекар или фармацевт.

## 4. Можни несакани реакции

Како и сите лекови и овој лек може да предизвика несакани реакции, иако не се јавуваат кај сите пациенти.
Фрекфенцијата е дефинирана како: многу чести (≥1/10), чести (≥1/100 до 1<1/10), повремени (≥1/1.000 до <1/100), ретки (≥1/10.000 до <1/1.000), многу ретки (<1/10.000), непозната фреквенција (фреквенцијата не може да се пресмета врз основа на расположливите податоци). Во секоја група на честота, несаканите реакции се преставени според редослед на намалување на сериозноста.

Ретки несакани реакции (може да се јават кај помалку од 1 од 1 000 пациенти) се:
- поспаност
- кожен осип
- гадење
- дијареа

Овие несакани реакции може да исчезнат по намалување на дозата или прекин на третманот со лекот. Доколку овие несакани ефекти траат подолго, престанете со употреба на Sinecod и обратете се за совет кај својот лекар или фармацевт

**Пријава на несакани реакции**
Ако приметите било каква несакана реакција, потребно е да го известите Вашиот лекар или фармацевт. Ова вклучува било каков несакан ефект кој не е набројан во ова упатство.

Со пријавување на несаканите реакции можете да придонесете во процената на сигурноста на лекот.

## 5. Чување и рок на употреба на Sinecod

Лекот да се чува надвор од видот и дофатот на децата!
Да се чува на температура до 30°C.

Да не се употребува по истекот на рокот на употреба обележан на пакувањето после „Exp". Рокот на употреба се однесува на последниот ден од месецот.

Лековите не треба да се исфрлаат во отпадна вода ниту во смет од домаќинството. Прашајте го Вашиот фармацевт како да ги отстраните лековите кои повеќе не Ви се потребни. Овие мерки ќе помогнат да се заштити околината.

## 6. Дополнителни информации за лекот

**Како изгледа Sinecod сируп и содржина на пакувањето**
Sinecod е безбоен, бистар, сладок раствор со вкус на ванила.
Картонска кутијата со шише од 200ml, Тип III стакло со бел полиетилен и полипропилен подесувач - безбедносен затворач и мерна полипропиленски чашка.




Како да го отворите шишето?
Притиснете го затворачот надолу и со истовремено вртење налево.

**Начин на издавање на лекот**
Лекот може да се се издава само во аптека без рецепт (БР)

**Број и датум на одобрението за промет**
Последно обновено одобрение: 11-9936/2 од 09.02.2017

**Производител**
GlaxoSmithKline Consumer Healthcare GmbH & Co. KG, Минхен, Германија

**Ова упатство е одобрено**
Ноември 2017

